РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
Број 08 – 1679 / 1
22.08.2017 година
СКОПЈЕ

# УПАТСТВО
## за начинот на именување на членови на избирачките одбори по предлог на политичките партии за Локалните избори кои ќе се одржат на 15 октомври 2017 година

Право да предлагаат членови и нивни заменици во избирачките одбори имаат политичките партии во опозиција, кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови и политичките партии на власт, кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови, и тоа:

- еден член и неговиот заменик се именува на предлог на политичките партии во опозиција и
- еден член и неговиот заменик се именува на предлог на политичките партии на власт.

Политичките партии во опозиција можат да достават до општинските изборни комисии, усогласен предлог за член и негов заменик во избирачките одбори. Истото тоа може да го направат и политичките партии на власт.

Во таков случај, општинската изборна комисија е должна целосно да ги прифати единствените, усогласени предлози од политичките партии во опозиција и од политичките партии на власт.

Кога политичките партии во опозиција, кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови или кога политичките партии на власт, кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови, немаат усогласен став во однос на тоа од која партија ќе биде именуван членот а од која неговиот заменик во избирачките одбори, ќе се применува правилото пар – непар, на следниот начин:

1. Кога за член на избирачки одбор е именувано лице по предлог на првата партија во опозиција која на последните избори за пратеници освоила најмногу гласови, за негов заменик се именува лице по предлог на втората партија во опозиција која на последните избори за пратеници освоила најмногу гласови.
2. При именувањето на составот на следниот избирачки одбор постапката е обратна, односно за член се именува лице по предлог на втората партија во опозиција, а за негов заменик се именува лице по предлог на првата партија во опозиција.
3. Кога за член на избирачки одбор е именувано лице по предлог на првата партија на власт која на последните избори за пратеници освоила најмногу гласови, за негов заменик се именува

лице по предлог на втората партија на власт која на последните избори за пратеници освоила најмногу гласови.

4. При именувањето на следниот избирачки одбор, за член се именува лице по предлог на втората партија на власт, а за негов заменик се именува лице по предлог на првата партија на власт.

Доколку политичките партии не достават свои предлози за членови и заменици во избирачките одбори, истите ќе се изберат од редот на администратиците, по случаен избор согласно член 38 став 9 од Изборниот законик.

**ПРИМЕР:**

Треба да се именуваат членови на избирачки одбори 01 и 02. Предлози за членови и нивни заменици во избирачките одбори доставиле следниве партии: СДСМ, ДУИ, ВМРО-ДПМНЕ и ДВИЖЕЊЕ БЕСА.

1. Ако составот на избирачкиот одбор 01 е следен: член од СДСМ негов заменик од ДУИ, втор член од ВМРО-ДПМНЕ, а негов заменик од ДВИЖЕЊЕ БЕСА, тогаш
2. Составот на избирачкиот одбор 02 би бил следен: член од ДУИ, а негов заменик од СДСМ, втор член од ДВИЖЕЊЕ БЕСА, а негов заменик од ВМРО-ДПМНЕ.

**Овој принцип се запазува при формирањето на сите избирачки одбори во соодветната општина.**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**Претседател**
**Александар Чичаковски**

*Изготвил: Б. Ризова*
*Одобрил: Д.Јанчев*